# З А П И С Н И К

## Од седницата на  Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој одржа седница на 14.11.2022 година (понеделник) со почеток во 13,15 часот во просториите на локалната самоуправа во Општина Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој
На седницата неоправдано отсутен беше Крсте Панев
По отворената расправа по записникот од 31.10.2022 година немаше забелешка ,беше ставен на гласење  од 4 присутни члена Комисиојата го усвои со 4 гласа за,  против и воздржани  нема.

За работа на седницата на Комисијата  беше предложен следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево (ребаланс) за 2022 година;
2. Донесување на одлука по барање за градежен материјал за бетонирање на дел од улица, поднесено од Ванчо Митев од с. Радичево.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на  Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски никој не се јав за збор беше ставен на гласење  од 4 присутни члена Комисиојата го усвои со 4 глас за ,  против и воздржани  нема.

**1.**

По отворената расправа на првата точката од дневниот Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево (ребаланс) за 2022 година; Ване Андонов претседател на комисијата според  неговото образложение кратењето од 11 060 000 денари се во делот на ратите од кредитите кои заради блокираната сметка општината не е во можност да ги плаќа, како и за одредени трансфери донесени по одлуки на Совет, како и трансфери кон спортски клубови рече дека во Собранието беше изгласан Закон и правила по кои наредната година ќе се распределуваат средствата кон општините од страна на државната власт. Ребалансот е со цел да го достигне цензусот на реализација за да може наредната година, според новиот начин на пресметка за распредлба на средства на општините, како општина Василево да добие повеќе  средства. Рокот за Ребаланс е до 15 Ноември".

Точката: Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево (ребаланс) за 2022 година; беше ставена на гласење од 4 присутни члена комисијата ја усвои со 3 гласа,, за ,, ,, против,нема и  ,, ,,воздржани,,1

По отворената расправа на втората точката од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за градежен материјал за бетонирање на дел од улица, поднесено од Ванчо Митев од с. Радичево, никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 4 присутни члена комисијата ја усвои со 3 гласа,, за „ „ против,нема и „ „воздржани„1

По исцрпениот дневен ред претседателот на комисијата Ване Андонов ја затвори седница.

Записничар,
Зора Коларова

Комисија за финансирање Буџет
и локален економски развој
**Претседател,**
**Ване Андонов**